UT - Fakulteti i Shkencave Matematike-Natyrore - Republika e Maqedonisë së Veriut
УТ- Природно-математички факултет - Република Северна Македонија
Nr.-Бр. 15 - 799/1
12-06 2025 viti/год.
Tetovë - Тетово

Врз основа на членовите 4 и 5 од Одлуката за распишување избори за членови на Факултетското собрание на Природно-Математичкиот Факултет при Универзитетот во Тетово, бр.15- 791/1 од 12.6.2025 г., Изборната комисија го донесе следново:

# УПАТСТВО со критериуми за спроведување на изборите за членови и за претседател на Факултетско студентско собрание на Природно-Математичкиот Факултет

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со ова Упатство со критериуми за спроведување на изборите за членови и за претседател на Факултетското студентско собрание на Природно-Математичкиот Факултет при Универзитетот во Тетово (во понатамошниот текст: Упатство), се уредува начинот на работа на Изборната комисија формирана од деканот на Факултетот, правото на глас, начинот на пријавување и утврдување на кандидатите, утврдување на роковите, начинот на гласање и преборјување на гласовите, изгледот на гласачкото ливче, објавувањето на резултатите од гласањето и други прашања кои произлегуваат од спроведувањето на изборите.

## II. ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Член 2

(1) Изборите за членови на Факултетското студентско собрание ги спроведува Изборната комисија формирана од деканот на Факултетот.
(2) Во зависност од обемот на работата, доколку Изборната комисија процени дека се јавува потреба, може да избере избирачки одбори составени од двајца студенти и еден наставник/асистент.

Член 3

(1) Надлежноста на Изборната комисија, во согласност со членот 5 од Одлуката е следна:

– утврдува правила и донесува Упатство за постапката за спроведување на изборите;

- утврдува листа на предложените кандидати, врз основа на претходна проверка дали кандидатие ги исполнуваат условите за да бидат предложени за членови на Факултетското студентско собрание (дали е активен студент, односно дали е запишан во семестарот/годината во кој/-а се вршат изборите);
- го утврдува изгледот на гласачкото ливче/обрасците на записниците, како и другата документација што произлегува од текот на постапката за спроведувањето на изборите;
- го утврдува начинот на гласање, пребројување на гласовивите, постапување по приговори во рок од 24 часа од поднесувањето, и сл.,
- врши и други работи кои се поврзани со текот на спроведување на изборите за избор на членови на Факултетското студентско собрание.

Член 4

(1) Изборната комисија одлуките ги носи на седници и може да одлучува доколку на седницата присуствуваат најмалку три члена, од кои најмалку двајца студенти.

(2) Одлуките ги носи со мнозинство гласови од вкупниот број членови, при што за одлуката мора да гласаат најмалку двајца студенти и најмалку еден член од редот на наставниците/асистентите.

(3) Изборната комисија за одржаните седници води записници.

(4) Записниците и одлуките на Изборната комисија ги потпишува претседателот на Изборната комисија.

## III. ПРАВО НА ИЗБОР и ДА БИДЕ ИЗБРАН

Член 5

За членови на Факултетското студентско собрание право да избираат имаат сите студенти кои го запишале летниот семестар во академската 2024/2025 година, вклучувајќи ги и студентите кои имаат запишано празен летен семестар во нотираната академска година.

За членови на Факултетското студентско собрание право да бидат избрани имаат сите студенти го запишале летниот семестар во академската 2024/2025 година, вклучувајќи ги и студентите кои имаат запишано празен летен семестар во нотираната академска година, а кои поднеле уредна пријава во согласност со ова Упатство и објавениот оглас.

## IV. БРОЈ на ЧЛЕНОВИ НА ФАКУЛТЕТСТОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Член 6

(1) Факултетското студентско собрание го сочинуваат по 5 (пет) претставника од секоја студиска програма на Факултетот, вклучувајќи ги сите циклуси на студии.

(2) Во случај да не биде пополнет бројот на членови за секоја студиска програма, во согласност со претходниот став, поради недостаток на студенти кои ги исполнуваат условите, непополнетите места не влегуваат во вкупниот број на членови на Факултетското студентско собрание, односно тоа ќе брои онолку членови колку што ги исполнуваат условите за да бидат избрани и кои ќе бидат избрани.

## V. МЕСТО и ВРЕМЕ на ОДРЖУВАЊЕ на ИЗБОРИТЕ

Член 7

Изборите за членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден 14.7. 2025 година, во сала бр. 1 на Факултетот, во периодот од 8:30 до 16:30 часот.

## VI. ПРИЈАВУВАЊЕ и УТВРДУВАЊЕ КАНДИДАТИ

**Оглас за пријавување кандидати**

Член 8

Огласот за пријавување кандидати го објавува Изборната комисија јавно (огласна табла/веб страница), во согласност со Роковникот.

Член 9

Огласот за пријавување кандидати ги содржи следниве елементи:

- право на пријавување,
- услови што треба да ги исполнува секој кандидат,
- пријава за кандидатите и прилози кон нејзе,
- местото и времето на одржување на изборите,
- времетраење на огласот,
- начин на поднесување на пријавите и сл.

**Пријава за кандидатите**

Член 10

(1) Образецот на пријавата Изборната комисија го доставува јавно како прилог на огласот за пријавување кандидати за избор на членови на Факултетското студентско собрание.

(2) Кон пријавата кандидатите ги доставуваат следниве прилози:

- биографија (CV),
- потврда од службата за студентски прашања дека кандидатот запишал летен семестар во академската 2024/2025 година,

(3) Образецот на пријавата е составен дел на ова Упатство.

Член 11

Кандидатите за избор на членови на Факултетското студентско собрание се должни лично да ги достават пријавите со прилозите, преку архивата на Факултетот, во рамките на утврдениот рок со јавниот оглас.

**Одлука за утврдување кандидати**

Член 12

Изборната комисија носи одлука за утврдување кандидати во рок од 1 ден од завршување на пријавувањето во согласност со јавниот оглас.

Одлуката се објавува на огласната табла/веб страницата на Факултетот.

Одлуката со утврдената листа за кандидати за избор на членови на Факултетското студентско собрание кои ги исполнуваат условите, се доставува на електронските адреси на секој кандидат кој е на листата.

**Одбиени кандидати**

Член 13

(1) Одбиените кандидати се информираат за Одлуката со утврдената листа за кандидати за избор на членови на Факултетското студентско собрание преку нивните електронски адреси за одлуката од ставот (1) на овој член.

(2) Студентите кои не се прифатени имаат право на жалба во рок од 24 часа до Изборната комисија.

(3) Жалбата се поднесува во писмена форма преку архивата на Факултетот, а содржи: име и презиме на подносителот, број на индекс, студиска програма, циклус на студии и образложение за причините поради кои се поднесува, со приложен доказ.

(4) Изборната комисија одлучува по жалбите во рок од 24 часа.

Член 14

(1) Одлуката на Изборната комисија за утврдување кандидати за избор на членови на Факултетското студентско собрание станува конечна откако ќе се одлучи по жалбите.
(2) Одлуката со конечната листа на кандидати се објавува на огласната табла/веб страницата на Факултетот и се доставува на електронските адреси на кандидатите кои се содржани во листата.

## VII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

### Предизборни активности

Член 15

(1) Кандидатите чии кандидатури се потврдени со Одлуката на Изборната комисија, имаат право на сопствено претставување пред студентите.
(2) Изборот на промотивните материјали е право на секој кандидат.
(3) Изборната комисија се грижи пристапот до можностите на кандидатите на Факултетот да е со еднаква застапеност.
(4) Промотивните актиности започнуваат од објавување на Одлуката за утврдување кандидати за избор на членови на Факултетското студентско собрание и траат до еден ден пред одржување на изборите во согласност со јавниот оглас и ова Упатство.

### Избирачки список

Член 16

(1) Изборната комисија го утврдува Избирачкиот список во согласност со Роковникот.
(2) Избирачкиот список се објавува/доставува на огласната табла/веб страницата на Факултетот.
(3) Избирачкиот список содржи единствено број на индекс на секој студент со право на глас во согласност со Законот за заштита на личните податоци, а се сочинува според евиденцијата што се води за студентите на Факултетот.

(4) Секој студент има право да побара исправка во Избирачкиот список. Барањето се доставува во писмена форма преку архивата на Факултетот, во рок од 24 часа од доставувањето на Избирачкиот список.
(5) Изборната комисија одлучува на барањата од претходниот став во рок од 24 часа.
(6) Одлуката на Изборната комисија е конечна и Избирачкиот список се смета за конечен.

**Гласачки ливчиња**

Член 17

(1) Гласачкото ливче ги содржи следниве елементи:
- назив на Факултетот,
- назив на студиската програма,
- датум на гласање,
- листа на кандидати за членови на Факултетското студентско собрание по азбучен ред,
- реден број пред името и презимето на секој кандидат.

(2) Гласачките ливчиња се изработуваат во иста форма и големина и се заверуваат со печат на Факулетот.
(3) Бројот на гласачките ливчиња е идентичен со бројот на студенти во Избирачкиот список.

**Спроведување на изборите**

Член 18

(1) Гласањето за избор на членови на Факултетското студентско собрание се спроведува на избирачкото место и време утврдени со ова Упатство.
(2) Во текот на гласањето постојано мора да бидат присутни најмалку 2 (двајца) членови на Изборната комисија.
(3) Присутните членови на Изборната комисија го утврдуваат идентитетот на секој студент со студентскиот индекс како легитимација.
(4) По легитимирањето на секој студент му се дава по едно гласачко ливче и се упатува до параванот за гласање.
(5) Доколку има потреба присутните членови на Изборната комисија му даваат појаснување на секој студент околу начинот на заокружување, во смисла дека јасно се заокружува само еден реден број пред името на кандидатот, а

доколку бидат заокружени повеќе кандидати, ливчето ќе се смета за неважечко.

(6) По тајното заокружување зад параванот, студентот кој гласал гласачкото ливче го преклопува на половина и го пушта во гласачката кутија.

**Утврдување на резултатите**

Член 19

(1) По завршување на времето за гласање, Изборната комисија ги отвора избирачките кутии, го констатира вкупнот број на избирачи кои гласале, вкупниот број на важечки ливчиња, вкупниот број на неважечки ливчиња и вкупниот број на гласачки ливчиња кои не се искористени.

(2) Избирачката комисија констатира колку гласови освоил секој кандидат.

(3) Избирачката комисија констатира и евентуални неправилности кои се случиле во текот на гласањето.

(4) Констатациите од текот на гласањето и од утврдувањето на резултатите, Изборната комисија ги евидентира записнички.

(5) За избран кандидат ќе се смета оној кој освоил најмногу гласови.

(6) Доколку двајца кандидати од иста студиска програма имаат ист број на гласови, Изборната комисија утврдува кој од нив ќе биде избран по пат на влечење ждрепка во присуство на двајцата кандидати во утврден термин од страна на Изборната комисија.

**Објавување на резултатите**

Член 20

(1) По утврдување на првичните резултати Изборната комисија ги објавува на огласна табла/веб страницата на Факултетот/е-адресата на секој кандидат, во рок од 24 часа по завршување на гласањето.

(2) Секој кандидат во рок од 24 часа има право на приговор до Изборната комисија, со образложение за неговото поднесување. Во приговорот, покрај образложението, треба да бидат содржани следниве податоци: име и презиме на подносителот, број на индекс, студиска програма, циклус на студии, и потпис.

(3) Приговорот од претходниот став се поднесува во писмена форма преку архивата на Факултетот, до Изборната комисија.

(4) Изборната комисија одлучува по приговорите во рок од 24 часа.

(5) Изборната комисија нема да ги разгледува непотполните приговори, ненавремените приговори или приговори поднесени од неовластени лица.

(6) Изборната комисија носи одлуки за прифаќање на основаните приговори (при што пристапува кон отстранување на неправилностите) и одлуки за одбивање на неоснованите приговори.
(7) Доколку нема приговори или ако сите приговори се одбиени како неосновани, првичните резултати се конечни и како такви се објавуваат на огласната табла/веб страницата на Факултетот.
(8) Со доставувањето на конечните резултати изборниот процес се смета за завршен.

**Прегласување**

Член 21

Во ситуации кога Изборната комисија ќе утврди дека има неправилности во спроведувањето на изборите, тогаш целосно ќе ги поништи изборите и за тоа ќе го извести деканот на Факултетот кој може да донесе одлука за повторно распишување на изборите за членови на Факултетското студентско собрание.

Член 22

Гласањето може да биде поништено во следниве ситуации:

- нарушување на редот и мирот на гласачкото место од сериозни размери;
- нарушување на тајноста на гласањето од сериозни размери;
- други постапки со сериозни размери кои го нарушуваат гласањето.

## VIII. ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Член 23

Претседателот на Факултетското студентско собрание се избира на првата конститутивна седница на Собранието од редот избраните членови, во согласност со Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот.

Првата конститутивна седница ја води највозрасниот избран член на Факултетското студентско собрание до изборот на претседател.

Изборот на претседател го спроведува трочлена комисија формирана од редот на членовите на Факултетското студентско собрание, со тајно гласање во согласност со Сатутот на Собранието, Статутот на Факултетот, Статутот на Универзитетот и Законот за високо образование.

За претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент кој запишал летен семестар од академската 2024/2025 г., со најмалку просечна оценка 8.00 (осум).

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Упатството се применува од денот на неговото донесување и е со важност до завршување на целокупниот изборен процес.

Член 25

За сите прашања што не се уредени со ова Упатство, се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот во Тетово, Статутот на Факултетот и Статутот на Факултетското студентско собрание.

Претседател на Изборната комисија

______________________